Врз основа на член 5 од Одлуката за востановување Фонд на наградата „4-ти Ноември" („Службен гласник на Општина Битола" бр.6/98), член 16 став 1 алинеа 5 од Статутот на Општинскиот фонд („Службен гласник на Општината Битола" бр.7/99) а во врска со член 7 став 1 од Правилникот за организација на работата на Управниот одбор на Фондот за наградата „4 Ноември" на Општината („Службен гласник на Општината Битола" бр.7/99 и 5/02), Управниот одбор на седницата одржана на 15.09.2025 година, распишува

**К О Н К У Р С**
**за доделување на наградата „4-ти Ноември"**
**на Општината Битола за 2025 година**

1. Наградата „4-ти Ноември" на Општината Битола се доделува на физички и правни лица како знак на општествено признание за значајни остварувања во стопанството, науката, уметноста, културата, воспитанието и образованието, здравствената заштита, социјалната заштита, спортот, техничката култура, заштитата и унапредувањето на животната средина и природата, како и други сегменти од животот, трудот и творештвото, што претставуваат посебен придонес за развојот на Општината, Република Северна Македонија и светот.

2. Наградата се доделува во две категории:
а) едногодишна за достигања во периодот од 01.08.2024 до 31.07.2025 година;
б) за животно дело што претставува заокружена, континуирана творечка целина.

3. Наградата за првата категорија се доделува на правни и физички лица, додека, пак, наградата за животно дело се доделува само на едно физичко лице.

4. Наградата за правни лица се доделува во вид на диплома, за поединци во вид на диплома и паричен износ, а наградата за животно дело се доделува во вид на диплома и паричен износ.

5. Право на предлагање кандидати за наградата имаат правни лица, здруженија на граѓани, група граѓани и поединци.

6. Предлогот за наградата треба да биде детално образложен во писмена форма, во 10 примероци, а за кандидатите поединци да содржи и кратка биографија.

7. Кон предлогот за доделување на наградата за печатени или снимени творби, се приложува и еден примерок од нив.

8. Конкурсот трае од **24.09.2025 година до 25.10.2025 година.**

9. Предлозите се поднесуваат до **Управниот одбор на Фондот за наградата „4-ти Ноември" на Општина Битола, ул.„Булевар 1-ви Мај" бр.61 Битола.**

Бр.09-112/1
15.09.2025 г.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Управниот одбор,**
**Габриела Илиевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНАТА
ОПШТИНА БИТОЛА